РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр.08-2698/3
26/11/2025 година
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013,2/2019 и 1/2021), а во врска со Одлуката за распишување избор на членови на Советот на месните и урбаните заедници на подрчјето на Општина Делчево број 08-2698/1 од 26.11.2025 година, Градоначалникот на Општина Делчево донесе

**ОДЛУКА**
**за распишување избор на членови на**
**Совет на Месна заедница во с.Стамер**

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови Советот на Месна заедница с.Стамер, Општина Делчево.

Член 2

Изборот на членови на Советот на Месната заедница во с.Стамер, ќе се спроведе на ден 27.11.2025 година (четврток), со почеток во 16.00 часот.

Член 3

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на советот на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапката за избор на членови на советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на Општина Делчево.

Член 4

Граѓаните на соодветната месна и урбана заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на Општината за денот, часот и местото за одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните ќе биде извршено со објавување на web страницата на Општина Делчево, како и со истакнување на соопштението на видни места на територијата месната заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Иван Гоцевски**